**20200991441**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на членот 11 став (17) од Законот за контрола на надворешно трговскиот промет со необработени дијаманти* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19), министерот за економија донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ СЕРТИФИКАТ ЗА ИЗВОЗ НА НЕОБРАБОТЕНИ ДИЈАМАНТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за издавање сертификат за извоз на необработени дијаманти.

Член 2

Барањето за издавање сертификат за извоз на необработени дијаманти се поднесува на образец во формат А-4, на хартија со бела боја.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 11-633/8
7 април 2020 година
Скопје

Министер,
**Крешник Бектеши,** с.р.

Арх. бр. и датум Прилог

Образец

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
-Сектор за меѓународна трговска соработка

Б А Р А Њ Е
ЗА ИЗДАВАЊЕ СЕРТИФИКАТ ЗА ИЗВОЗ НА НЕОБРАБОТЕНИ ДИЈАМАНТИ

Од ____________________________________________________________
(Назив и седиште на субјектот)
____________________________________________________________

I.Податоци за необработените дијаманти во оваа пратка:

1.Земја на потекло ______________________________
2.Број на парчиња ______________________________
3.Земја на извоз ______________________________
4.Име и адреса на извозникот
____________________________________________________________
____________________________________________________________

5.Име и адреса на увозникот
____________________________________________________________
____________________________________________________________

6. Класификација според ХС, тежина во карати и вредност во САД долари

| Класификација HS | Карат | Вредност (САД долари) |
|---|---|---|
| 7102 10 | | |
| 7102 21 | | |
| 7102 31 | | |

Телефон и лице за контакт
Одговорно лице
______________________ ______________________
(име и презиме)